Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ ДО ЈУНИ, 2020 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | ______________ | | M-r Sali Ajdini<br>[име и презиме] |
| Датум: | ______________ | | в.д Директор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | ______________ | (м.п.) | ______________<br>[потпис] |

## Резиме


Инспекциската служба во Државниот комунален инспекторат согласно Правилникот за внатрешна организација на Инспекторатот е организирана како Одделение за инспекциски надзор од областа на комуналните дејности.

Во оваа смисла надлежноста на оваа служба е утврдена со основниот Закон за комунални дејности, како и посебните закони кои се однесуваат на снабдувањето на вода за пиење и одведување на урбани отпадни води што го вршат Јавните претпријатија основани од Владата на Република Македонија, како и меѓуопштинските – регионални системи со иста намена, основани од повеќе единици на локалната самоуправа, управувањето со гробишта од страна на управителите на гробишта, одржување на јавната чистота како комунална дејност од јавен карактер и тоа на гранични премини, аеродроми и државни патишта, потоа инспекциски надзор и контрола на спроведувањето на општокорисната работа по основ на прекршоци  од загрозување на јавната чистота, вршењето на погребални услуги, како комунална дејност од типот на индидуална комунална потрошувачка и воедно како облигационо – правен однос помеѓу давателот на услугата и корисникот на услугата, согласно Законот за комунални дејности во корелација со Законот за облигациони односи.

Во овој извештаен период,  како поважни случувања во областа која е предмет на инспекцики надзор за одбележување е фактот дека генерално состојбите се уредни и вообичани и дека инспектираните субјекти ги почитуваат пропишаните прописи од областа на комуналните дејности. Активностите во смисла на вршење на инспекцискиот надзор може да се оценат како постојани и континуирани и при  тоа да се констатира фактот дека оваа оценка е резултат на доброто менаџирање со Државниот комунален инспекторат и Одделението за инспекциски надзор, како негов составен дел.

Неусогласеноста на законската регулатива, односно колизијата на законите со измените на истите исто така создава конфузија во работењето и нелогичности на самите закони , во смисол на немање званични пречистени текстови и техничко неусогласување на истите.

Поради прогласената вондердна состојба предизвикана од коронавирусот (COVID-19), во овој извештаен период реализирани се помал број на инспекциски надзор од предвидените со Годишниот план за работа за 2020 година.

Во  периодот на водндредната состојба Државниот комунален инспекторат инспекциските надзори ги спроведуваше со 1 инспектор.

ПОГЛАВЈА

1. Управување со ризици
2. Организација и раководење
3. Инспекциски надзор
4. Обука на инспекторите и административните службеници
5. Буџет и финснсирање
6. Меѓународна соработка
7. Други активности на инспекциската служба
8. Заклучоци и препораки

## 1. Управување со ризици

А) Инспекцискиот надзор во областа на комуналните дејности, од аспект на ризиците на неприменување на прописите, како очекувана состојба, може да се оцени во општа смисла на зборот како релативно стабилна, а по исклучок во поедини сегменти на комуналната дејност сеуште има состојби на неприменување на прописите во делот на примената на Законот за гробишта и погребални услуги, посебно во руралните општини. Ова особено од причина што локалните власти на територијата на општината целосно го немаат покриено управувањето со гробиштата. Сеуште не е воспоставен систем на управување со гробиштата во руралните општини на целата територија на општината, како инфраструктурен комунален објект од страна на Јавното претпријатие основано од општината, и тоа од причина што органите на управување во општината не ги применуваат одредбите пропишани со закон. Согласно член 48 и 49 од Законот за гробишта и погребални услуги ниту една општина (освен градските гробишта) во Републиката не пристапила кон обезбедување на услови за превземање и преостапување на гробиштата во останатите населени места од општината во надлежност и управување на општинските јавни комунални претпријатија, од причини што во тие општини се уште управуваат одредени црковни одбори и истите пружаат отпор во предавањето на гробиштата на управителите (јавните комунални претпријатија и други правни и физички лица со лиценца за управување со гробишта). Наизразено е во општините каде преовладува исламската вероисповед.

Б) Посебно ќе се обрене внимание на доследна примена на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност , во субјектите од комуналната област (Јавните претпријатија, основани од Владата на Република Северна Македонија и на кои им е издадено дозвола за вршење на соодветна комунална дејност издадена од страна на државниот орган на управата) така што во тековната состојба издадена од Централниот регистар на РСМ се проверува дали регистрираните дејности се обавуваат согласно статутите на субјектите и дали се

врши одредена дејност која не е предвидена со статутот и тековната состојба на Централниот регистар , со што ќе се спречи вршење на нерегистрирани дејности на субјектите од комуналната област.

В) Исто така ќе се обрне внимание на вршење на инспекциски надзор во работењето на регионалните водоснабдителни системи во делот кој се однесува на снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води предвидени со Законот за снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води,посебно голем проблем преставува стопанисувањето со локалните водоводни системи што се на територија на локалните самоуправи и не се превземени со управување од страна на локалните комунални претпријатија.

Г) Во однос на заштитниот појас на јавните патишта од интерес на државата ќе продолжи да се врши надзор на објектите покрај патот, посебно бензиските станици ,мотели и други јавни објекти .

Д) Државниот комунален инспекторат се соочува со проблеми во делот на нејасно дефинираната надлежност во дел од законите по кои постапува, односно во однос на неразграничувањето со надлежноста на локалните комунални инспектори, како и непостапување на локалните инспекори по истите.

Ѓ)Во тек е подготовка на Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори, која се изработува во соработка со експетрот Влатко Данилов ангажиран преку Инспекциски совет на РСМ.

## 2. Организација и раководење

А) Државниот комунален инспекторат е орган во состав на Министерството за транспорт и врски и има статус на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно закон и одлучува за правата и обврските од работен однос на правното лице.

Б) Со Државниот комунален инспекторат раководи Директорот на инспекторатот, како и со овластување Раководител на Одделението за инспекциски надзор, Раководител на Одделение за стручна административно-оперативна подршка на инспекторатот и со овлатување Раководител на одделение за финансиски прашања. Како подршка на директорот на Државниот комунален инспекторат во Правилникот за организација и систематизација на работните места се систематизира работно место државен службеник со статус- Државен советник.

В) Државниот комунален инспекторат врши инспекциски надзор над следните закони:

- Закон за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ“ бр. 50/10, 162/10,157/11, 147/13 , 41/14,33/15, 193/15 ,53/16, 11/18, 83/18 и 120/18);
- Закон за инспекциски надзор („Сл. весник на Р.С.М“ бр. 102/19)

- Закон за комунални дејности („Сл. весник на РМ“ бр. 95/12, 163/13, 42/14,44/15,147/15 и 31/16);
- Закон за јавна чистота („Сл. весник на Р.М“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10,130/10 пречистен текст, 23/11,53/11,80/12, 163/13 ,44/15,147/15 и31/16);Одлука на Уставен суд на Р.М У.бр.159/11 од 28.03.2012г. објавен во (Сл. Весник на РМ“47/12);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани води (“Сл. весник на РМ “ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11 , 54/11, 163/13 ,10/15,147/15 и 31/16); Одлука на Уставен суд на Р.М У бр.199/05 од 24.11.2007г. („Сл Весник на РМ“ бр. 16/07);
- Закон за гробишта и погребални услуги („Сл. весник на РМ“ бр.86/08, 156/10, 53/11, 163/13, 152/15 и 31/16);
- Закон за јавни патишта („Сл. весник на РМ“ бр. 84/08, 52/09, 69/10 и 163/13)
- Закон за домување („Сл. весник на РМ“ бр. 99/09, 57/10, 36/11 пречистен текст и 163/13);
- Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност “(Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14 и 147/15) и
- Закон за зеленило ( “Службен весник на Република Македонија“ бр.11/18).

Г) Согласно Правилникот за систематизација на работите и задачите на Државниот комунален инспекторат, Државниот комунален инспекторат е организиран со четири основни организациони единици ( 4 ) и тоа;

- Одделение за инспекциски надзор
- Одделение за стручна административно-оперативна подршка на инспекторатот
- Одделение за човечки ресурси и
- Одделение за финансиски прашања.

Д) Кадровската екипираност на Државниот комунален инспекторат се состои од **15 вработени**, од кои освен Директорот на инспекторатот, останатите се со статус на административни службеници (15) вработени и се во состав на четири (4) одделенија. Освен Одделението за инспекциски надзор, кој исклучиво врши инспекциски надзор од областа на комуналните дејности, во состав на Државниот комунален инспекторат се и останатите одделенија како подршка на инспекторатот кој имаат вкупно **11 административни службеници** кои вршат административно технички и оперативни работи, како што се водење на деловодна книга, книга за претстапки, одржување на моторни возила, јавни набавки, работни односи, пристап до информации од јавен карактер и водење на информативен систем за управување со човечки ресурси.

Инспекцискиот надзор го вршат четири (4) советници-инспектори, (со лиценци).

**Напомена:**

**Двајца од постојаните четири советници-инспектори** кои поседуваат лиценци за Државен комунален инспектор по години на старост ќе заминат во пензија во втората половина од 2020 година. **(1) еден со полни 67г.** и **(1) кој веќе**

**има поднесено барање и најава за негово заминување во пензија**, што значи дека Државниот комунален инспекторат останува да работи со двајца Државни комунални инспектори во наредниот период.

Државниот комунален инспекторт во годишните извештаи и годишните планови за преходните години во повеќе наврати има барано вработување на советници инспектори, меѓутоа истото не е реализирано.

Од тие причини ја користиме приликата и апелираме до Инспекцискиот совет да се позанимава со промена на законската регулатива, со цел поедноставување на постапката за прием на советници инспектори.

Со Годишниот план за 2020 година, одобрени се средства за вработување на 2 советници инспектори и едно унапредување на помлад инспектор,

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање*

| Вид | Инспектор за комунални дејности | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 1 | | 3 | 4 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 4 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 4 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 4 |

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието*

| Вид | Инспектор за комунални дејности | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

3. Инспекциски надзор

Инспекциските надзори во Држаниот комунален испекторат се врши врз основа на годишен план и месечни планови за работа. Инспекциските надзори во овој шест месечен период беа спроведувани од страна на следните инспектори-Советници:

1. Илија Николовски Советник Инспектор
2. Стевче Ѓурчевски Советник Инспектор
3. Александар Бундалевски Советник Инспектор- в.д Раководител
4. Ристо Георгиев Советник Инспектор

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | **8** | **2** | **0** | **10** | **0** |
| 1 | Велес | 5 | 1 | | 6 | |
| 2 | Градско | | | | 0 | |
| 3 | Демир Капија | | | | 0 | |
| 4 | Кавадарци | | | | 0 | |
| 5 | Лозово | | 1 | | 1 | |
| 6 | Неготино | | | | 0 | |
| 7 | Росоман | | | | 0 | |
| 8 | Свети Николе | 3 | | | 3 | |
| 9 | Чашка | | | | 0 | |
| | Источен регион | **17** | **8** | **1** | **26** | **1** |
| 10 | Берово | 1 | 2 | | 3 | |
| 11 | Виница | 3 | 1 | | 4 | |
| 12 | Делчево | | 1 | | 1 | |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 13 | Зрновци | | | | 0 | |
| 14 | Карбинци | 3 | 1 | | 4 | |
| 15 | Кочани | 2 | | | 2 | |
| 16 | Македонска Каменица | 2 | | | 2 | |
| 17 | Пехчево | 2 | | | 2 | |
| 18 | Пробиштип | 2 | | | 2 | |
| 19 | Чешиново | 1 | 1 | | 2 | |
| 20 | Штип | 1 | 2 | 1 | 4 | 1 |
| | Југозападен регион | **13** | **0** | **0** | **13** | **0** |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | |
| 22 | Дебар | | | | 0 | |
| 23 | Дебарца | 2 | | | 2 | |
| 24 | Кичево | 4 | | | 4 | |
| 25 | Македонски Брод | | | | 0 | |
| 26 | Охрид | 2 | | | 2 | |
| 27 | Пласница | | | | 0 | |
| 28 | Струга | 3 | | | 3 | |
| 29 | Центар Жупа | 2 | | | 2 | |
| | Југоисточен регион | **11** | **2** | **0** | **13** | **0** |
| 30 | Богданци | | | | 0 | |
| 31 | Босилово | | | | 0 | |
| 32 | Валандово | | | | 0 | |
| 33 | Василево | 2 | 2 | | 4 | |
| 34 | Гевгелија | 3 | | | 3 | |
| 35 | Дојран | 3 | | | 3 | |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 36 | Конче | | | | 0 | |
| 37 | Ново Село | 1 | | | 1 | |
| 38 | Радовиш | | | | 0 | |
| 39 | Струмица | 2 | | | 2 | |
| | Пелагониски регион | **4** | **0** | **0** | **4** | **0** |
| 40 | Битола | | | | 0 | |
| 41 | Демир Хисар | | | | 0 | |
| 42 | Долнени | 2 | | | 2 | |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | |
| 44 | Крушево | | | | 0 | |
| 45 | Могила | | | | 0 | |
| 46 | Новаци | | | | 0 | |
| 47 | Прилеп | 2 | | | 2 | |
| 48 | Ресен | | | | 0 | |
| | Полошки регион | **6** | **6** | **0** | **12** | **0** |
| 49 | Боговиње | | 1 | | 1 | |
| 50 | Бревеница | 1 | 1 | | 2 | |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | |
| 52 | Гостивар | 1 | | | 1 | |
| 53 | Желино | | 1 | | 1 | |
| 54 | Јегуновце | 2 | 1 | | 3 | |
| 55 | Маврово и Ростуша | 1 | | | 1 | |
| 56 | Теарце | | | | 0 | |
| 57 | Тетово | 1 | 2 | | 3 | |
| | Североисточен регион | **6** | **4** | **1** | **11** | **1** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редове н надзор | Вонред. надзор | Контрол . надзор | | |
| 58 | Кратово | 3 | 3 | | 6 | |
| 59 | Крива Паланка | | 1 | 1 | 2 | |
| 60 | Куманово | 2 | | | 2 | |
| 61 | Липково | 1 | | | 1 | |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | |
| | Скопски регион | **3** | **6** | **1** | **10** | **1** |
| 64 | Аеродром | | | | 0 | |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | |
| 66 | Бутел | | | | 0 | |
| 67 | Гази Баба | | | | 0 | |
| 68 | Ѓорче Петров | 1 | | 1 | 2 | 1 |
| 69 | Зелениково | | 1 | | 1 | |
| 70 | Илинден | | 1 | | 1 | |
| 71 | Карпош | 1 | 1 | | 2 | |
| 72 | Кисела Вода | | | | 0 | |
| 73 | Петровец | 1 | 2 | | 3 | |
| 74 | Сарај | | | | 0 | |
| 75 | Сопиште | | | | 0 | |
| 76 | Студеничани | | 1 | | 1 | |
| 77 | Центар | | | | 0 | |
| 78 | Чаир | | | | 0 | |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | 0 | |
| 80 | Шуто Оризари | | | | 0 | |
| ВКУПНО | | **68** | **28** | **3** | **99** | **3** |

## 3.1. Споредба планирани и реализирани инспекциски надзори за период 01.01-30.06.2020 година

| | Планирани инспекциски надзори 01.01-30.06.2020 | Реализирани инспекциски надзори 01.01-30.06.2020 |
|---|---|---|
| **Редовни** | 113 | 68 |
| **Вондредни** | / | 3 |
| **Контролни** | 1 | 3 |
| **Уредба** | / | 25 |

*податоци, согласно месечните планови и регистарот за извршрни инспекциски надзори, регистар-6, за период 01.01-30.06.2020 година.






## 3.2. Реализирани инспекциски надзори по реони




| | Варадарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагонијски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Редовен | 8 | 17 | 13 | 11 | 4 | 6 | 6 | 3 |
| Вондреден | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| Контролен | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Уредба | 2 | 5 | 0 | 2 | 0 | 6 | 2 | 6 |

Поради воведената вондредна состојба во Република Северна Македонија предизвикана од коронавирусот (COVID-19), Државниот комунален инспекторат во овој шест месечен период има направено помал број на инспекциски надзор од предвидените со годишниот план и месечните планови за работа за 2020 година.

Почнувајќи од 16 Март 2020 година, Државниот комунален инспекторат согласно Извадокот од Нацрт- Записникот од 15-тата седница на Влада на РСМ бр. 44-2147/1 од 10.03.2020 година и Заклучокот на Владата од 25-тата седница бр. 44-2282/61 од 21.03.2020 година, **за ослободување од работа и работни активности на хронично болните лица, има ослободено 3 инспектори.**

Во овој период на вондредна состојба инспекциските надзори се извршуваа од страна на (1) еден советник инспектор.

Согласно донесената **Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за носење на лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот Covid-19, и заштита на населението за време на вондредна состојба,** објавена во Сл. весник на РСМ, бр. 125/2020, надзор над спроведувањето на одредбите од Уредбата сметано од 27.05.2020 година, почна да врши и Државниот комунален инспекторат во делот на своите надлежности утврдени со закон. Надзорите по Уредбата со законска сила за лична заштита **се евидентираат како вондредни надзори.**

**Државниот комунален инспекторат по Уредбата со законска сила за лична заштита има навравено вкупно 23 вондредни надзори.**

## 4.Обука на инспекторите и административните службеници

**А) Обука на инспекторите**

Во согласност со член 50 од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2019„), Државниот комунален инспекторат за 2020 година има донесено Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор.

Стручното усовршување на инспекторот, се спроведува преку:

- Генерички и
- Специјализирани обуки

Видовите специјализирани обуки се определени согласно надлежностите на делокругот на работата што се утвредени согласно одредбите на матријалните закони според кои постапуваат инспекторите во Државниот комунален инспекторат.

Согласно годишната програма за генерички обуки, во прилог на овој план е табелатен преглед за генерички обуки за секој инспектор во Државниот комунален инспекторат, кои се предвидени да се реализираат во 2020 година.

**Табеларен преглед за генерички обуки на инспекторите согласно годишната програма за генерички обуки за 2020 година.**

| Ред. бр. | Име и Презиме на инспектор | Област/Тема |
|---|---|---|
| 1. | **Илија Николовски** | |
| | | Закододавство 1.1 |
| | | Закододавство 1.2 |
| | | Закододавство 1.4 |
| 2. | **Стевче Ѓурчевски** | |
| | | Закододавство 1.3 |
| | | Зајакнување на личните капацитети 2.3 |
| | | Зајакнување на личните капацитети 2.6 |
| 3 | **Александар Бундалевски** | |
| | | Закододавство 1.1 |
| | | Закододавство 1.2 |
| | | Зајакнување на личните капацитети 2.6 |
| 4 | **Ристо Георгиев** | |
| | | Закододавство 1.3 |
| | | Закододавство 1.4 |
| | | Закододавство 1.2 |

**<u>Поради прогласената вондредна состојба во Република Северна Македонија</u>** предизвикана од корона вирус (COVID-19), како и повод Уредбата со законска сила за примена на Законот за инспекциски надзор за време на вондедна состојба од 04.04.2020 година, објавена во Сл. весник на Р.С.М бр. 90/2020, полагањето на испит за стекнување на инспектор со лиценца, спроведување на обуките за срекнување на инспектор со лиценца, како и стручното усовршување и обука на инспекторите се одложува за време на траењето на вондредната состојба, **<u>во Државниот комунален инспекторат во овој шест месечен период (јануари-јуни) не се реализирани предвидените обуки.</u>**

**Б) Обука на административните службенци**

Во согласност со член 58 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 11/18), за донесување на Годишен план за обуки за административните службеници од страна на органите и институциите, Државниот комунален инспекторат има донесено и доставено до МИОА предлог годишен план за обуки за 2020 година.

**Табеларен преглед за обуки на административните службеници согласно предлог годишниот план обуки за 2020 година.**

| **Р.бр.** | **Име и презиме** | **Број на обуки** | **Категортија на административни службеници** | **Време** | **Финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Зоран Маџовски | 6,9,10,13,21 | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МИОА |
| 2. | Садуддин Челеби | 11,14,16,21,23 | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МИОА |
| 3. | Бејназ Арифи | 7,9,13,15,17, | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МИОА |
| 4. | Блерим Абази | 3,13,20,21,24 | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МИОА |
| 5. | Валентина Илиевска | 3,14,15,16,17 | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МИОА |
| 6. | Зекирија Салији | 2,8, 15,17,24 | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МИОА |
| 7. | Сафет Амет | 14,16,21,17,24 | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МИОА |
| 8. | Бранкица Ѓоковска | 11,14, 17,18,23 | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МИОА |
| 9. | Таибе Рушити | 3,8,13,20,23 | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МИОА |

*Во овој шест месечен период не се реализирани предвидените обуки од страна на Министерството за информатичо општество и администрација.

## 5.Буџет и финансирање

Државниот комунален инспекторат располага со буџет кој овозможува и ги покрива сите планирани расходи за тековната година. Буџетскиот циркулар на обезбедени и реализирани финсиски средства по ставките на трошење се гледа во долунаведениот специмен за планирани расходи за 2020 година и реализирани заклучно со 30.06.2020 година.

| Поставка | | Буџет | План | Реализирано |
|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 5,825,000.00 | 2,694,575.00 | 2,685,937.00 |
| 402 | Придонеси за социјално | 2,155,000.00 | 1,043,878.00 | 1,043,878.00 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 150,000.00 | 150,000.00 | 10,000.00 |
| 421 | Комунални услуги, греење, | 900,000.00 | 900,000.00 | 412,304.00 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 150,000.00 | 150,000.00 | 9,440.00 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 250,000.00 | 250,000.00 | 124,550.00 |
| 425 | Договорни услуги | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | 96,496.00 |
| 426 | Други тековни расходи | 100,000.00 | 100,000.00 | 45,313.00 |
| 464 | Разни трансфери | 100,000.00 | 100,000.00 | 0.00 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | | 10,630,000.00 | 6,388,453.00 | 4,427,918.00 |

## 6. Меѓународна соработка

Државниот комунален инспекторат во овој извештаен период нема воспоставено меѓународна соработка, проекти и друг вид на активности со меѓународни институции и организации кон кои пристапила Република Северна Македонија или обврски за усогласување на работата на Државниот комунален инспекторат со регулативите на Европската Унија.

## 7. Други активности на инспекциската служба

Вработените имаат соодветна ИТ технологија, но немаат соодветни вработени за одржување на истите и исто така немат пристап до ажурирани база на податоци како на пример немаат пристап до законски прописи на Службен Весник на Република Северна Македонија.
Исто така, согласно член 70 од новиот Законот за инспекциски надзор ("Сл.Весник на РСМ" бр. 102/19), Државниот комунален инспекторат има донесено листи за проверка за соодветните области на надлежност кои се задолжителни при вршење на редовниот инспекциски надзор и истите се објавени на веб страницата на инспекциската служба. Во овој извештаен период, директна институционализирана соработка имаше со други инспекциски служби и се реализирани, како и со државни институции и локална самоуправа, која соработка се планира да продолжи и во наредната година .

Државниот комунален инспекторат е по постојана соработка со Инспекцискиот совет на РСМ, во однос на спроведувањето на Законот за инспекцики надзор.

## 8.Заклучоци и препораки

Државниот комунален инспекторат, во овој извештаен период ги дава следните заклучоци и препораки.

**А) Заклучоци:**

Државниот комунален инспекторат во овој извештаен период има направено помал број на инспекциски надзори во однос на планираните со годишниот и месечните планови за работа, поради пандемијата предизвикана коронавирусот (CORONA- 19) од една страна и од друга страна што субјектите на надзорот во овој период го намалија обемот на своето работење.

Во овој период Државниот комунален инспекторат испекциските надзори ги вршеше со еден советник инспектор, останатите 3 (три) советници инспектори се ослободени од работа (хронично болни лица) согласно мерките и заклучоците донесени од Влада на РСМ.

**Б) Препораки:**

- Вработување на најмалку 4(четири) инспектори;
- Регулирање на законската регулатива со ефикасни, прецизни и поефективи закони, во делот на определување на надлежностите на инспекторите;
- Контрола на работата над општинските комунални инспектори во однос на нивното работење од страна на Државниот комунален инспекторат со изрекување на казнени мерки за нивното неефикасно и незаконито работење, и
- Упростување и враќање на поранешната поставеност на извршната постапка во делот на извршните решенија и заклучоците за дозвола на извршување на сторителите на прекршоците.

Подготвил: **Бранкица Ѓоковска**
Прегледал: **в.д Раководител Александар Бундалевски**